Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-642/6
18-12-2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-642/1 од 1.9.2025 година поднесена од --------- против ---------, за сторена дискриминација врз основа на здравствена состојба и членство во синдикат, во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на ---------, кон ---------, врз основа на здравствена состојба и членство во синдикат во областа на работата и работните односи.

**Образложение**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**") поднесена е претставка заведена под архивски број 08-642/1 од 1.9.2025 година, од страна на --------- против --------- и ---------, за сторена дискриминација врз основа на здравствена состојба и членство во синдикат во областа на работата и работните односи.

Подносителот на претставката е вработен во --------- од 2022 година како ---------. Наведува дека со усен договор со претходниот раководител, кој сега е во пензија, доставил лекарска документација дека има 100% оштетување на левото око, дисторзија на кичмен столб, дискус хернија на кичмен и вратен столб, дислокација на лев скочен зглоб, а воедно има и инвалидитет добиен во --------- во 2015 година (кинење на прст на десната рака). Напоменува дека без прекин работи на ---------, и тоа исклучиво трета смена поради ваквата состојба. Моментално од страна на --------- и раководството му се врши притисок, бил повлечен во ---------, а од --------- пак ставиле друго лице на неговото работно место. Смета дека тоа се должи на неговото членување во синдикатот --------- и поведениот судски спор против работодавачот од негова страна, кој сè уште е во тек. На позицијата на која е распореден треба да извршува работни задачи кои согласно неговата здравствена состојба не смее да ги извршува; не смее да биде изложен на сонце, да користи скали и нерамни површини, како и работа во неосветлени простории, какви што во гаража ги има многу, со што работодавачот го става во ризична состојба. Наведува дека доколку работодавачот и --------- сакаат да ги ротираат вработените, тоа би можеле да го направат со колегите кои се во подобра здравствена состојба и не би им пречеле наведените работни услови за непречено извршување на работните задачи. Напоменува дека е на само 6 месеци од остварување на право на старосна пензија и смета дека треба да остане на работното место на кое бил непрекинато од 2022 година и каде можел непречено да ги извршува работните задачи. Од сето наведено, смета дека е дискриминиран од страна на --------- и раководството, токму поради тоа што е член на синдикатот ---------. Врз синдикатот и врз членовите се вршел притисок, тие да излезат од него, не им се одбивала членарина, па морале да ја уплаќаат преку уплатница, им збореле дека синдикатот е непостоечки итн. Дополнителен навод е тоа дека го тужел работодавачот затоа што од 2021 година наваму не му исплаќал К-15, прекувремени часови, разлика во покачување на плата и не му пресметувале минат труд за време на годишни одмори. Последно напоменува дека откако пријавил во Државниот инспекторат за труд, --------- непрекинато му се заканува и деградирачки се однесува кон него, вршејќи му постојан притисок.

<u>Во прилог на претставката беа доставени следните докази</u>:

- ---------

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, испрати Известување за произнесување по наводите од претставката до ---------.

Во меѓувреме, подносителот достави Дополнување на претставката, заведено под бр. 08-642/4, во кое известува дека поради повреда на работно место користел боледување од 7.9.2025 до 6.10.2025 година. По враќање на работа, од 7.10. до 24.10. претпоставените му пишале слободни денови без негово барање и согласност, а дополнително го распоределе во --------- на 3 месеци пред пензија. Бара од Комисијата да утврди дискриминација и мобинг како кршење на работничките права.

На ден 5.11.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна Произнесување бр. 03-1007/2 од 29.10.2025 година од --------- како одговор на претставката, заведен во Комисијата под бр. 08-642/5.

Во одговорот најпрво истакнуваат дека --------- е вработен во --------- на неопределено време од 15.7.2019 година. Во периодот од 1.8.2015 до 31.1.2016 година бил ангажиран преку Агенција за привремени вработувања, а во периодот од 1.2.2016 до 14.7.2019 година бил вработен на определено време. Тој бил распореден на работно место --------- во Одделение за ---------, за што има потпишано и Договор за вработување на неопределено време бр. --------- од 15.7.2019 година и продолжува да работи на истото работно место.

Понатаму наведуваат дека во Правилникот за систематизација на работните места во --------- нема предвидено работно место „---------". Работното место гласи „---------" и распоредот за работа се изготвува согласно потребите и динамиката на работа, а се зема предвид дека --------- има на повеќе локации имот кој е потребно да биде обезбедуван. Земени биле предвид годините на подносителот и од таа причина по распоред бил ставен работните задачи да ги извршува во --------- или пак во --------- во прва смена во петдневна работна недела со два дена одмор во работната недела.

Истакнуваат дека во --------- има три репрезентативни синдикати и две здруженија и во нив членуваат повеќе од 90% од вработените, што значи дека под тој основ во никој случај не се прави дискриминација на вработените, кои имаат слобода во изразување на сопствената волја во кој синдикат или здружение ќе членуваат.

Во прилог доставуваат Извештај за извршен периодичен систематски преглед каде е утврдено дека вработениот е способен за работното место на кое е распореден, а дополнително наведуваат дека доколку тој се сомнева во сопствената работна способност, тие како претпријатие на негово барање можат да го упатат во Фонд за ПИОСМ каде се утврдува работната способност со наод, оцена и мислење.

По увид во наводите од претставката, дополнувањето и произнесувањето по истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната **фактичка состојба**:

Подносителот на претставката е вработен во --------- на неопределено време, на работно место --------- во ---------, за што има потпишано Договор за вработување на неопределено време бр. --------- од 15.7.2019 година. Претходно, од 1.8.2015 до 31.1.2016 година бил ангажиран во --------- преку Агенција за привремени вработувања, а во периодот од 1.2.2016 до 14.7.2019 година бил вработен во --------- на определено време.

Со оглед на тоа дека --------- има имот на повеќе локации имот кој треба да биде обезбедуван, а согласно потребите и динамиката на работа, тој од август 2025 година по распоред бил ставен работните задачи да ги извршува во --------- или ---------, наместо --------- како дотогаш, каде работел исклучиво трета смена. Земена предвид неговата возраст, тој сега бил распореден во прва смена во петдневна работна недела со два дена одмор во работната недела. Подносителот смета дека распоредувањето е начин на вршење притисок против него

заради неговото членување во синдикатот --------- и судскиот спор кој го повел против работодавачот, кој сè уште е во тек.

Во однос на неговата работоспособност, тој тврди дека на позицијата на која е распореден во --------- треба да извршува работни задачи кои согласно неговата здравствена состојба не смее да ги извршува, додека пак работодавачот кон произнесувањето приложи Извештај за извршен систематски здравствен преглед, согласно кој тој е способен за работа на работното место Развој за обезбедување на имоти и лица.

Член **6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.“*

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:

*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.“*

Во конкретниот случај, Комисијата не утврди постоење на дискриминаторска основа, односно заштитна карактеристика на подносителот на претставката на која би можело да се смета дека било засновано постапувањето на работодавачот, ниту пак соодветен компаратор, односно лице кое се наоѓа во иста или слична фактичка ситуација, а кон кое било постапено поповолно.

Имено, подносителот како дискриминаторски основи ги наведува неговата здравствена состојба и членувањето во Синдикатот ---------, но видно од приложените докази, поточно Извештај за извршен систематски здравствен преглед од 9.10.2025 година, тој бил оценет како способен за работа на неговото работно место. Меѓу другото, тој бил распореден од исклучиво трета смена во прва смена, со петдневна работна недела и два дена одмор во неделата, што само по себе не може да се смета за понеповолен третман. Дополнително на ова, од утврдената фактичка состојба не можеше да произлезе ниту каузалност помеѓу неговото членување во Синдикатот --------- и наводниот дискриминаторски третман, од причина што во случајот не беше посочен друг вработен кој ја нема таа карактеристика, односно не е член на Синдикатот --------- или на некој друг синдикат во ---------, а кон кој имало поповолен третман.

Оттука, Комисијата најде дека не се исполнети елементите на постоење на дискриминација.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Душан Томшиќ

Доставено до:

- ---------